Комисија за спречување и заштита
од дискриминација
Бр. 01-302/1
07.10.2021 год.
СКОПЈЕ

# КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ... 3

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Зајакнати интерни капацитети на КСЗД** ... 4

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1: Комисијата има силни и стручни капацитети за борба против дискриминацијата согласно современите текови за заштита на човековите права** ... 4

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Зајакнати интерни капацитети на КСЗД** ... 7

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2: КСЗД има ефикасна стручна служба и капацитети за исполнување на законските надлежности** ... 7

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Признаено национално тело за заштита од дискриминација** ... 10

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.1: КСЗД е препознаена како активен чинител во општеството за заштита и превенција на дискриминација** ... 10

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Системско отстранување на дискриминацијата** ... 12

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.1: Превенирање на структурни нееднаквости и промоција на вредности за надминување на дискриминација** ... 12

**СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Системско отстранување на дискриминацијата** ... 15

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.2: Ефективна заштитна улога на претставките** ... 15

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4: Зголемена јавна свест во однос на начините на превенција и заштита од дискриминација** ... 18

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5: КСЗД остварува значајна улога и соработка на интернационално ниво и иницира ефикасно поврзување и размена на позитивни практики** ... 20

## ВОВЕД

Стратешкиот план на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација 2021-2026 ги содржи дефинираните стратешки приоритети и цели кон кои ќе биде насочена работата на Комисијата. Исто така ги содржи мерките преку кои ќе бидат остварени утврдените цели, како конкретно ќе ги постигнеме и дефинирани кои ќе бидат индикаторите и како ќе знаеме дека се постигнати планираните цели.

За постигнатото, Комисијата изготвува Годишен извештај за работата кој ќе биде јавно објавен, а има и законска обврска да го достави истиот на разгледување во Собранието на Република Северна Македонија. КСЗД според Законот за спречување и заштита од дискриминација има надлежности не само да делува по постапување на претставка туку да има и проактивна и едукативна улога која во општеството активно дејствува за подигнување на свеста за заштита на сите од дискриминација и промовирање на човековите права.

Комисијата својата работа ја спроведува најпрвин преку членовите на Комисијата кои се избрани и именувани лица, а потоа и преку стручната служба која е од витално значење и овозможува КСЗД да ги реализира своите цели.

Врз основа на Законот за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на Стратешкиот план утврден од Комисијата, согласно со стратешките цели кои членовите на Комисијата ги утврдија и врз основа на мерките преку кои ќе се реализираат стратешки цели, Комисијата ја утврди следната Програма за работа за 2022 година:

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Зајакнати интерни капацитети на КСЗД | | |
|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.1: Комисијата има силни и стручни капацитети за борба против дискриминацијата согласно современите текови за заштита на човековите права** | | |
| ***Предвидени мерки:*** | ***Појдовна основа:*** | ***Очекувани резултати:*** |
| • Зајакнување на капацитетите на КСЗД за планирање на активностите и ресурсите на институцијата<br>• Усвојување на план за активности за јакнење на капацитетите<br>• Континуирано учење и надградување на капацитетите на Членови на КСЗД<br>• Конзистентно и еволутивно носење на одлуки и детално образложување на решенијата | • Врз основа на членот 22 од ЗСЗД, КСЗД е самостоен и независен орган, а за вршење на стручните, административни и технички работи на КСЗД се формира стручна служба<br>• КСЗД сеуште нема донесено посебни акти за уредување на внатрешната организација (член 22, став (2) од ЗСЗД) и е во фаза на екипирање на стручната служба која ќе има статус на административни службеници. | • КСЗД е со засилени капацитети и цврста основа во борбата против дискриминација. Соодветно и навремено одговара во насока на заштита на човековите права<br>• Ресурсите и активностите на КСЗД се планираат навремено и соодветно<br>• Капацитетите на членовите се надградени и надградувањето се одвива во континуитет<br>• КСЗД учествува како вмешувач |

| | | |
|---|---|---|
| донесени од Комисијата<br>• Донесување на интерен акт за формирање на советодавни тела од експерти за одредени специфични прашања поврзани со унапредување, спречување и заштита од дискриминација<br>• Софтвер за обработка на податоците и следење на случаи | Согласно на тоа нема капацитети за финансиско управување<br>• Потребни софтвери за работа сеуште нема обезбедено | во судски постапки<br>• КСЗД се појавува во улога на пријател на судот<br>• КСЗД подготвува и објавува општи препораки по сопствена иницијатива кои имаат влијание во општеството<br>• Дискриминацијата ја третира во секоја форма како превентивно така и по постапување согласно своите надлежности.<br>• Соработката со експерти за специфични области во форма на советодавни тела е уредена со интерен акт<br>КСЗД располага со софтвер за обработка и следење на случаите |

| Временска рамка на реализација: | Извори на финансирање: |
|---|---|
| Прв и втор квартал на 2022 година<br>Надградувањето се одвива во континуитет и во текот на цела година<br>Активностите во судски постапки, како и објавувањето на општи препораки се одвива во континуитет | Буџет на РСМ<br>Дел од финансирањето е од донаторски средства |

| | | |
|---|---|---|
| **СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 1: Зајакнати интерни капацитети на КСЗД** | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1.2: КСЗД има ефикасна стручна служба и капацитети за исполнување на законските надлежности** | | |
| ***Предвидени мерки:*** | ***Појдовна основа:*** | ***Очекувани резултати:*** |

| | | |
|---|---|---|
| • Комплетно техничко опремување на просториите во кои работи КСЗД<br>• Користење на електронска архива<br>• Користење на најсовремени хардверски и софтверски решенија во својата работа (Софтвер за јавни набавки, Софтвер за административно работење, Софтвер за финансиско работење, е – архива, софтвер за водење предмети)<br>• Донесување на правилник за заштита на личните податоци<br>• Изработување на истражувања и анализи на податоци релевантни за работата на Комисијата кои ќе овозможат | • Потребно е стручната служба на КСЗД да има капацитети за клучните функции на КСЗД, како и за помошните функции<br>• Тековно се подготвуваат интерни правилници<br>• КСЗД нема електронска архива и систем за зачувување на институционалната меморија<br>• КСЗД тековно се опремува со современи алатки за работа<br>• Поради важноста на мислењата на граѓаните, КСЗД мора да воспостави механизам за прибирање нивен фидбек | • КСЗД има комплетно техничко опремување на просториите во кои работат<br>• КСЗД користи електронско архивирање<br>• КСЗД користи најсовремени софтверски решенија во својата работа<br>• КСЗД има функционална веб страна која ги содржи сите потребни информации за граѓаните<br>• Донесен е правилник за заштита на личните податоци<br>• КСЗД има воспоставена функционална алатка за прибирање мислења од граѓаните за работата на КСЗД<br>• Капацитетите на вработените се на високо ниво и надградувањето се одвива во континуитет |

| | | |
|---|---|---|
| увид во состојбите со дискриминација и пошироко знаење како и ќе придонесат за поквалитетна работа<br>• Актите кои ги носи КСЗД да се оценуваат со надворешна евалуација<br>• Квалитетот на работата на КСЗД да се мери од страна на корисниците<br>• Стручната служба постојано да се надградува со нови знаења и едукација<br>• КСЗД да ја преземе институционална меморија од поранешната Комисија за заштита од дискриминација | | • Претставките по кои постапува се темелни и добро образложени<br>• Евалуацијата на актите на КСЗД се оценети со високи оцени<br>• КСЗД има капацитети за реализирање на своите надлежности на квалитетен и современ начин<br>• КСЗД има преземена институционална меморија од претходната Комисија за заштита од дискриминација и самата работи во насока да остави институционална меморија за следните избрани членови на КСЗД |

| Временска рамка на реализација: | Извори на финансирање: |
|---|---|
| Прв и втор квартал на 2022 година | Буџет на РСМ<br>Дел од финансирањето е од донаторски средства |

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 2: Признаено национално тело за заштита од дискриминација | | |
|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2.1: КСЗД е препознаена како активен чинител во општеството за заштита и превенција на дискриминација** | | |
| ***Предвидени мерки:*** | ***Појдовна основа:*** | ***Очекувани резултати:*** |

| | | |
|---|---|---|
| • КСЗД да има активна соработка со граѓанскиот сектор/Мрежата за заштита од дискриминација и локалните граѓански организации кои работат во областа<br>• КСЗД работи целосно транспарентно, буџетот и трошењето на парите е целосно објавено<br>• КСЗД да има активности фокусирани на маргинализирани групи на граѓани, да води тематски кампањи со фокус на маргинализирани групи, да организира отворени денови каде живеат социјално загрозени слоеви на граѓани | • Членови на КСЗД ја препознаваат потребата и важноста на соработката со граѓанскиот сектор<br>• КСЗД ја исполнува својата законска обврска за јавно објавување на финансиското работење во насока отчетност и интегритет (член 21, став (1), алинеја 26 од ЗСЗД)<br>• КСЗД ја согледува потребата од работа со маргинализираните и социјално загрозени граѓани | • Остварени средби и остварена соработка со граѓанскиот сектор<br>• Транспарентно и работење и јавност во планирањето и трошењето на буџетот<br>• Јавноста на седници е регулирана во Деловникот за работа<br>• КСЗД има реализирани кампањи, едукативни активности и средби со маргинализирани групи граѓани и социјално загрозени групи на граѓани |

| Временска рамка на реализација: | Извори на финансирање: |
|---|---|
| Прв и втор квартал на 2022 година | Буџет на РСМ<br>Дел од финансирањето е од донаторски средства |

| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Системско отстранување на дискриминацијата | | |
|---|---|---|
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.1: Превенирање на структурни нееднаквости и промоција на вредности за надминување на дискриминација** | | |
| ***Предвидени мерки:*** | ***Појдовна основа:*** | ***Очекувани резултати:*** |
| • Документите на КСЗД да се достапни на различни јазици кои се користат на територија на РСМ<br>• Просториите и веб страната на КСЗД да се прилагодени за лица | • Согласно член 28 од ЗСЗД, КСЗД по сопствена иницијатива упатува општа препорака во случај на дискриминација на поголем број лица<br>• Во постапките КСЗД ги | • КСЗД е лесно достапна и прилагодена кон потребите на сите граѓани<br>• Видливи системски подобрувања во спречувањето и сериозно третирање на |

| | | |
|---|---|---|
| со физичка и сензорна попреченост<br>• Да се изработуваат анализи за структурни нееднаквости во општеството<br>• Активно да се работи на усогласување на националното законодавство, прописи и практики со меѓународните и регионалните инструменти за човекови права<br>• Активно да се работи на усогласување на законите кои содржат одредби кои се однесуваат на спречување и заштита од дискриминација, а треба да се усогласат со ЗСЗД<br>• Да учествува во работата за изготвувањето на предлози на закони | применуваат одредбите од Законот за употреба на јазиците, во непосредна комуникација по потреба се користи знаковниот јазик, а странките кои не го разбираат македонскиот јазик имаат право на преведувач<br>• КСЗД ја согледува потребата од прилагоденост на просторот кон луѓе со хендикепираност<br>• КСЗД има обврска за транспарентно и отчетно работење според член 21 од ЗСЗД<br>• Врз основа на член 30, став (1) од ЗСЗД, КСЗД има надлежност да побара, од физички, правни лица, државни органи, органи на единиците на локалната самоуправа, други органи кои вршат јавни овластувања и јавни установи и служби, а истите се | дискриминацијата од сите чинители на државната управа<br>• Изготвени препораки и мислења за системско отстранување на дискриминација<br>• Закони кои не содржат дискриминаторски одредби односно се прилагодени кон сите потреби на граѓаните<br>• Изготвена и објавена анализа за заштита од дискриминација во дигиталниот свет<br>• Обучени претставници од државни институции и други релевантни тела за начините за спречување на дискриминацијата<br>• Прифатени предлози на КСЗД од страна на Собранието |

| | | |
|---|---|---|
| • Активности наменети за заштита од дискриминација во дигиталниот свет, анализа, размена на искуства со други држави/ комисии, средби 2022-2023<br>• Приоретизирање на области и изработка на редовни анализи по области заради давање општи препораки/ мерки – експертиза 2022<br>• Јакнење на капацитетите за спречување и заштита од дискриминација на други клучни организации и институции – вршење обуки за надворешни чинители 2024 (можност за соработка со ОБСЕ - 2022)<br>• Активна соработка со | должни да дадат податоци за конкретни случаи на дискриминација и општи практики на дискриминација во рок од 8 дена од денот на прием на барање<br>• Врз основа на член 31, КСЗД во вршењето на своите работи соработува со институции што постапуваат по претставки за заштита од дискриминација и човекови права преку меморандуми за соработка<br>• Сеуште не е остварена позначајна соработка со Собранието на Република Северна Македонија<br>• Потребни и се на КСЗД подлабоки познавања од областа на дигиталните права и состојби во РСМ | • Закони кои се усогласени со ЗСЗД и не содржат дискриминаторски одредби |

| | | |
|---|---|---|
| Собранието, Постојаната анкетна комисија за заштита на правата на граѓаните и Комисија за еднакви можности како и интерпарламентарни лоби групи | | |
| Временска рамка на реализација: | | Извори на финансирање: |
| Прв и втор квартал на 2022 година | | Буџет на РСМ |

| | | |
|---|---|---|
| СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТ 3: Системско отстранување на дискриминацијата | | |
| **СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3.2: Ефективна заштитна улога на претставките** | | |
| ***Предвидени мерки:*** | ***Појдовна основа:*** | ***Очекувани резултати:*** |
| • Подготовка на правилник за постапување по претставки | • Согласно членовите 21 и 23 од ЗСЗД, КСЗД постапува по | • Донесен Правилник за постапување по претставки |

| | | |
|---|---|---|
| • Спроведување на тематски анализи врз основа на претставките од граѓаните и креирање мерки согласно наодите<br>• Објавување на прирачник за мерки или дејства за промоција и унапредување на еднаквоста и превенција од дискриминација<br>• Поведување на actio popularis | претставки од граѓаните<br>• Врз основа на член 21 од ЗСЗД, КСЗД изготвува и објавува посебни и тематски извештаи за одредени прашања од областа на еднаквоста<br>• Согласно член 3 (4) од ЗСЗД, неопходно е прибирање, анализа и објавување на статистички податоци од област дискриминација<br>• Врз основа на член 35 од ЗСЗД, се овозможува поведување на тужба за заштита од дискриминација од јавен интерес поднесена од страна на здруженија, фондации, синдикати или други организации од граѓанското општество и неформални групи | • Изготвени и објавени тематски анализи врз основа на случаите по кои постапува КСЗД по барања од странки<br>• Објавен прирачник за мерки и акции за еднаквост и превенција од дискриминација<br>• Граѓаните поднесуваат претставки до КСЗД затоа што ја препознаваат заштитата која им ја нуди и имаат доверба во истата |

| | | |
|---|---|---|
| | | • КСЗД постапува ефикасно и ефективно по претставки, по случаи по допрен глас, а изразените мислења на странки искажуваат задоволство од работата |
| Временска рамка на реализација: | | Извори на финансирање: |
| Прв и втор квартал на 2022 | | Буџет на РСМ<br>Дел од финансирањето е од донаторски средства |

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 4: Зголемена јавна свест во однос на начините на превенција и заштита од дискриминација | | |
|---|---|---|
| ***Предвидени мерки:*** | ***Појдовна основа:*** | ***Очекувани резултати:*** |
| • Изработка на современа и лесно достапна веб страна и нејзино постојано ажурирање<br>• Редовно известување и активна комуникација со јавноста за активности<br>• Активна и постојана соработка со медиуми<br>• Редовни соопштенија за медиуми и на социјални медиуми и објавување на информации за состојбата со дискриминација<br>• Промотивни кампањи | • КСЗД нема своја веб страна<br>• КСЗД има свој профил на Facebook, потребна е поголема активност на социјални мрежи<br>• Според член 21 од ЗСЗД, КСЗД има обврска квартално да ја информира јавноста за случаите на дискриминација<br>• КСЗД ги споделува своите мислења, наоди и препораки и се обраќа до јавноста преку кој било медиум<br>• Сите извештаи има обврска да ги објавува на својата веб страна врз | • Изработена веб страна на КСЗД<br>• Редовно објавување на активностите на КСЗД<br>• Забележано високо присуство во медиумите и на социјалните медиуми<br>• Граѓаните се запознаени со работата на КСЗД |

| | | |
|---|---|---|
| • Активности за зголемување на видливоста на активностите на Комисијата | основа на член 21, став (1), алинеја 26 | |
| **Временска рамка на реализација:** | | **Извори на финансирање:** |
| Во текот на целата 2022 година | | Буџет на РСМ |

| СТРАТЕШКА ЦЕЛ 5: КСЗД остварува значајна улога и соработка на интернационално ниво и иницира ефикасно поврзување и размена на позитивни практики | | |
|---|---|---|
| ***Предвидени мерки:*** | ***Појдовна основа:*** | ***Очекувани резултати:*** |
| • Имплементирање на препораки од меѓународни организации<br>• Соработка со претставништвата на Совет на Европа, Обединети Нации и ЕУ<br>• Се залага за ратификација на билатерални или мултилатерални меѓународни договори од областа на човековите права<br>• Следење на спроведувањето на меѓународните препораки во областа на заштита од дискриминација<br>• Активна соработка со Еквинет | • Врз основа на ЗСЗД, КСЗД придонесува при изготвување на извештаите што државата е должна да ги поднесува до меѓународни и регионални тела за човекови права и придонесува за проведување на нивните препораки<br>• Врз основа на член 21 став (1) алинеја 7, во надлежностите на КСЗД спаѓаат и заложбите за ратификација на билатерални или мултилатерални меѓународни договори од областа на човековите права или | Остварува средби и соработки на меѓународно ниво чие позитивно влијание се одразува на општеството, доаѓа до подобрување на состојбите и намалување на дискриминацијата како и постигнување на поквалитетни законски решенија во насока на справување со дискриминација. |

| | | |
|---|---|---|
| • Воспоставување на соработка со телата за еднаквост од регионот | пристапување кон истите и го следи нивното спроведување<br>• КСЗД врз основа на одредбите од ЗСЗД промовира и предлага усогласување на националното законодавство, прописи и практики со меѓународни и регионални инструменти за човекови права | |
| Временска рамка на реализација: | | Извори на финансирање: |
| Во текот на целата 2022 година | | Буџет на РСМ |